Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 93 став (3) точка 8) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Планот за одржување на електродистрибутивниот систем**
**за 2024 година**

1. Се одобрува Планот за одржување на електродистрибутивниот систем за 2024 година, доставен од Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, Планот за одржување од точка 1 од оваа одлука да го објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ (во понатамошниот текст: ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА) на 21 март 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) го достави на одобрување Планот за одржување на електродистрибутивниот систем за 2024 година (во понатамошниот текст: План за одржување) бр. 12-540/1 од 21 март 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа Планот за одржување и до ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА достави допис бр. 12-540/2 од 23 април 2024 година со коментари и забелешки по Планот за одржување, во кој побара ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА да ги имплементира забелешките и повторно да го достави Планот за одржување за одобрување.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА постапи по забелешките на Регулаторната комисија за енергетика и достави на одобрување нов текст на Планот за одржување бр. 12-540/3 од 23 мај 2024 година. ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА достави и Одлука за донесување на Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2024 година бр. 02-1150/2/1 од 09 мај 2024 година заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-540/4 од 28 мај 2024 година.

Согласно член 93 став (3) точка 8) од Законот за енергетика* Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да објави на својата веб страница план за одржување на електродистрибутивната мрежа во согласност со мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика.

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 93 став (3) точка 8) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика го разгледа и одобри Планот за одржување на седницата одржана на 30 мај 2024 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-540/5**
**30 мај 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**